# Преработка на примери од светската уметност

**ВЛАДИМИР ВЕЛИЧКОВСКИ**

Изложбата Париз - Скопје има пригоден и ревијален карактер. Таков вид изложби се веќе одржани (Париз - Њујорк, Париз - Москва и други) за да го истакнат заемното проткајување на две култури и уметноста што партиципира во светските движења. Изложбата во Музејот на современата уметност го регистрира еднонасочниот аспект на влијанија, од Париз спрема Скопје, но не и обратно Скопје да му даде нешто свое на Париз. Станува збор, според тоа, за национална уметност, која повеќе примала отколку што можела да даде, која на туѓи извори со извесно доцнење го создавала сопствениот уметнички развиток и идентитет. Факт е дека современата македонска уметност (и не само таа) се развивала благодарение на интеракцијата на различни влијанија кои често не можат јасно да се определат. Притоа треба да се издвои пред сè дејствувањето на Париската школа.

Изложбата „Париз - Скопје" опфаќа избор на дела (меѓу платната и дела со помал формат, цртежи и друго), како и избор на веќе објавени текстови кои се однесуваат на творештвото на уметниците. Станува збор за дела кои се создадени меѓу 1927 (изложбата на Д. Пандилов во Скопје) и 1966 година, период во кој се зацврстија некои познати ликовни тенденции. Приредувачот ја одбрал фигурацијата, во нејзините разновидни решенија, иако за клучна авангардна појава во 60-тите години се смета енформелот.

Сепак, изложбата не била повод (покрај тоа што е концепциски повторена) за нови, засновани и стручни согледувања што ќе фрлат светлина на некои клучни етапи и творечки заложби во современата македонска уметност. Влијанијата на Париската школа биле непосредни, како и индиректни, очевидни како и суптилни, потешко разјасниви. Македонските уметници во тие први повоени години ќе ја почувствуваат силно привлечната моќ на Париската школа (во поново време свртени кон други центри во светот), за да се инспирираат, или да асимилираат одделни ликовни елементи (од старата или најнова уметност), да ги преработат и сообразат на своите интересирања и можности. Не ретко станува збор за цртежи во блок, или скици кои документираат некоја сензација, но послужиле и како материјал за создавање слики со посложена структура. Изложбата не била предизвик за приредувачот да ги согледа конститутивните елементи, оној специфичен амалгам на составни елементи што ќе придонесе за поблиски определувања и вреднување на одделни творби. На тој начин би се избегнале или би се коригирале општите места, определените условности и рутински преповторувања на исти формулации и мислења. Применет е метод на регистрирање наместо посакуваниот приод на продлабочена и аргументирана студија која може да донесе интересни сознанија. Така би се редуцирале на прифатлива мерка оние вообичаени, некритички укажувања на имиња од светската уметност.

Всушност, станува збор за различни контексти, за различни темпераменти и различни творечки намери, или поттици. Македонскиот уметник на свој начин ги доживувал и ги восприемал работите, но мора да се земе предвид фактот дека се забележливи повеќе формалните отколку содржински импликации, а влијанието или преземање елементи на еден стил ја намалува можноста да се биде оригинален. Станува збор за повеќе или помалку талентирано преземање, или преработка на одделни примери од светска уметност. Терминот - влијание во вид на импресија или одблесок е посоодветен отколку априористички површното мислење дека пред нас се наоѓаат творби што зрачат со индивидуалност, „авторски пристап. Секако, авторот во своето дело внесува сопствени содржини, но формалниот или стилскиот пример веќе го создал некој друг. Изложбата како целина има сопствена убавина, но сепак забележлив е нерамномерниот однос во претставувањето на ликовните и теоретските факти. Така, на изложбата не се презентирани цртежите и сликите што Вангел Коџоман ги изработил во 1955-56 во Париз. Станува збор за разновидни мотиви обработени во „орнаменталниот кубизам" кои се вбројуваат меѓу најинтересните во овој домен. ■



Слика од Вангел Коџоман (1955)

08 -08- 2002 13 -0